Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-34/3
**18.05.2022, Скопје**

За потребите на проектот „Пристап до правда за сите" финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2020 – Оперативна поддршка за граѓански организации во Република Северна Македонија, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права IPA/2021/171/328-22 од 23.12.2021 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 05/2022**
**за набавка на услуги за анимација, дизајн и визуелизација**

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Пристап до правда за сите" (финансиран од финансиран од ЕУ, во рамки на ИПА програмата за граѓанско општество и медиуми 2020 – Оперативна поддршка за граѓански организации во Република Северна Македонија) има потреба од **набавка на услуги за анимација, дизајн и визуелизација,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Изработка на 1 (едно) анимирано видео;
   - Дизајн на мониторинг извештаи, стручното списание „Правен дијалог" и документ за јавни политики;
   - Изработка на инфографици и други визуелни алатки.

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача ТоР 05/2022.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од **мај 2022 до декември 2022,** со можност за продолжување до декември 2025, и тоа во зависност од предвидените проектни активности.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот понудувач или понудувачи за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:

**За правни лица:**
- Референтна листа на претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

**За физички лица:**
- Биографија со референци и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина | Единечна цена во бруто износ (МКД) | Вкупно цена во бруто износ (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Анимирано видео | 1 | | |
| 2. | Мониторинг извештаи | 2 | | |
| 3. | Стручно списание „Правен дијалог“ | 2 | | |
| 4. | Документ за јавни политики | 1 | | |
| 5. | Инфографици | 4 | | |
| 6. | Други визуелни алатки (GIF или слично) | 2 | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

8. Набавката е делива.

9. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **30.05.2022 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **27.05.2022 година**.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

**Маргарита Цаца Николовска**
**Претседателка на Институт за човекови права**

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ